# СВЕТ-УНИШТУВАЊЕТО - НИКОГАШ, НЕВОЗМОЖНО!

Шри Чинмој

Наслов на оригиналот:
“World-destruction: never, impossible!” by Sri Chinmoy
Copyright © 1994 by Sri Chinmoy

Сите права за ова издание се заштитени. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени и електронски медиуми или за друг вид јавна употреба или изведба без согласност на издавачот.

Издавач: Шри Чинмој Центар – Скопје
Наслов: „Свет-уништувањето
- никогаш, невозможно!“
Автор: Шри Чинмој

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

239.6-584

ЧИНМОЈ, Шри
Свет-уништувањето - никогаш, невозможно! / Шри Чинмој; - Скопје : Шри Чинмој центар, 2020. - 140 стр. : слика на авторот ; 21 см

Превод на делото: World-destruction: never, impossible! / by Sri Chinmoy. - За авторот: стр. [127-129]

ISBN 978-608-4894-24-7

а) Духовен живот
COBISS.MK-ID 51536133

# СОДРЖИНА

## ПРВ ДЕЛ

Духовни начела ............................................ 13
Глобална Свест ............................................ 25
Религија ........................................................ 41
Христос и христијанството ........................... 55

## ВТОР ДЕЛ

Натприроден феномен ................................. 75
Духовниот живот ........................................... 91
Лични видувања .......................................... 109

## ПРЕДГОВОР

Во свет каде малкумина чувствуваат тотална леснотија, Шри Чинмој нуди план за опстанок на светот и душата. Длабоката љубов на Шри Чинмој за Бог е позната ширум светот. Долго почитуван како духовна сила за мир во Обединетите нации, овој понизен Божји инструмент ги замолува луѓето од оваа планета да погледнат навнатре, повторно да ги откријат основните вистини на духовноста што толку многу го благословија неговиот извонреден живот.

Оваа книга се нуди себе на поширока публика. Христијаните, евреите, муслиманите и другите верници ќе најдат многу параграфи со длабок увид и корисна сугестија.

Шри Чинмој сугерира дека целта на духовниот живот е себенадминување. Додека човекот се искачува кон Бог, Бог за возврат се спушта кон човекот. Врската се појавува и се продлабочува бидејќи секоја личност тежнее да се отвори себе кон Светлината на Бог, Волјата на Бог и повисока состојба на свест.

Шри Чинмој верува во реинкарнација. Тој ја артикулира идејата дека душата напредува кон повисока состојба во секоја инкарнација.

Тој ги вкоренува своите учења во молитва и ги охрабрува своите читатели да усвојат „радосно прифаќање на светот со цел да се трансформира судбината и лицето на светот“. Тој ги повикува западњаците да избегнуваат да се обидуваат „да го поседуваат светот“, додека ги охрабрува источњаците да видат дека „аскетизмот не е одговор“.

Тој е шампион на мирот, привлекувајќи верници од сите религии да го видат единството на светот. Сугерира дека вистинските религии се препознаваат преку нивното простување, толеранција, сомилост, единство и братство.

За оние што се обидуваат да го пронајдат нивниот пат, предлага форма на молитва што вклучува концентрација, фокусирање на целото внимание на еден мал предмет за да станат посвесни; медитација, рефлексија на и идентификување со поширокиот универзум и поголемите проблеми; и контемплација, свесност за Бог, толку комплетно со што човек го чувствува единството и љубовта што доаѓаат од Бог, и живеат во секоја личност и во цела креација.

Шри Чинмој не успорува од потребите на секојдневниот живот. Додека промовира раст на душата и внатрешен мир, следи долга традиција

на верски учители кои бараат од трагачите на вистината да го прикажат и живеат животот на динамизам што е преобразувачки во овој свет.

Името Чинмој, што значи „полн со божествена свест“, ја претставува мисијата на оваа длабока душа. Тој живее за да биде безусловен инструмент на Бог. Му верува на Бог. Има едно симпатично единство со Бог и луѓето преку неговите рефлексии. Се растажува кога размислува за тоа како луѓето ја користеа религијата за да се одвојат едни од други.

Шри Чинмој верува дека Бог ќе го спаси нашиот свет. Светлината на Бог е посилна од силата на злото. Додека има длабока доверба во Бог, неговите мирни рефлексии прикажуваат итност што го повикува човештвото: „Разбуди се! Расти подлабоко! Сакај на таков начин што Божјата Волја ќе биде исполнета.“

Книгата е корисна лично за мене. Во ера кога стресот е реален и е тешко да се најде соодветно време за молитва, Шри Чинмој ме потсети дека ставајќи го Бог во центарот на мојот живот и мојата работа, моите молитви ќе ми помогнат да го направам овој свет подобар и помирен, и да станам личност на верба и љубов за што сум повикан да бидам.

*Монсињор Томас Ј. Хартмен*
*Директор на радио и телевизија*
*Епархија на Центарот Роквил, Њујорк*

## ПРЕДГОВОР НА УРЕДНИКОТ

Оваа книга е резултат на извонредна соработка помеѓу Дон Антонио Тарзија, генерален директор на италијанската издавачка куќа „Едизиони Паолин“; писателот и новинар Венанзио Цампа од италијанската национална телевизија РАИ; и индискиот духовен Учител Шри Чинмој.

Шри Чинмој се сретна со нив во Њујорк и Рим, каде што беа подготвени неколку списанија и телевизиски емисии за животот и активностите на Шри Чинмој. Во првиот документарен филм кој беше емитуван низ цела Италија на 23-ти јули 1989-тата година, беше прикажано интервју со Шри Чинмој во Обединетите нации, снимки од приемот на Шри Чинмој во Ватикан од страна на папата Јован Павле II и сведоштво за зачудувачката моќ на медитацијата на Шри Чинмој од шампионот кревач на тегови Бил Перл.

Како што г-динот Тарзија и г-динот Цампа станувааа се повеќе заинтригирани од Шри Чинмој, одлучија да направат уникатен волумен од неговата духовна мудрост што би ѝ се допаднал на популарната публика, и сепак ќе ѝ понуди увид во тивката длабочина и сјајност

што го карактеризираат неговото литературно творештво со децении.

Во мај 1990-тата година, г-динот Тарзија и неговиот персонал во Милано подготвија педесет прашања, на италијански јазик, за Шри Чинмој. Г-динот Цимпа ги уредуваше и ги преведуваше прашањата, и во четири интензивни сесии за време на летните месеци во Њујорк, Шри Чинмој ги диктираше своите одговори.

Темите се широкоопфатни, потенцирани со ретки автобиографски елементи и фасцинантни лични анегдоти кои откриваат комплексни мистерии. Некои од прашањата се однесуваат на традиционалните верски идеологии; овде, нерелигиозното чувство на авторот и мултикултурната позадина овозможуваат ново и длабоко разбирање на тие проблеми.

## ДУХОВНИ НАЧЕЛА

*Совршенството треба да биде цел на секоја личност - совршенство во внатрешниот живот и совршенство на надворешниот живот - затоа што задоволството живее во совршенството. Совршенството е надеж на човештвото и ветување на Божественото.*

*Како можеме да ја знаеме Божјата Волја?*

За да ја знаеме Божјата Волја убедливо, треба да медитираме најдушевно и да ја достигнеме својата највисока состојба на свест. Кога сме во највисоката состојба на свест, ќе видиме дека сме отишле далеку отаде доменот на умот, а танцот на мислите целосно сопрел.

Тогаш, ако сакаме да знаеме дали одредена идеја или порака е од Бог, одговорот ќе дојде со многу мек, суптилен глас или ќе биде напишан во столб на светлина во нашето срце и ќе можеме да го прочитаме.

Откако ќе ја откриеме Божјата Волја, ако сѐ уште сме во највисока свест, нема да ни влијае без оглед на тоа дали пораката е охрабрувачка или обесхрабрувачка за нашиот ум. Ако сме во обична свест, имаме претходно утврдени идеи за тоа што е пожелно и непожелно. Ако пораката кажува дека ќе бидеме успешни, тогаш сме среќни; но ако пораката е сфатена од нашиот ум на негативен начин, тогаш ќе се чувствуваме мизерно. Но кога еднаш ќе бидеме високо развиени, дури и ако мислиме дека пораката не е во наша корист, нема да бидеме вознемирени. Откако ќе ја дознаеме Божјата Волја, можеме

да отидеме еден чекор подалеку и радосно да ја прифатиме Божјата Волја.

*Доста често зборувате за „светлина“. Што е точно тоа?*

Во многу широка смисла, светлината можеш да ја наречеш божествен дар. Сè што е добро, всушност, е божествен подарок. Од духовна гледна точка, сè што трагачот има и е, е божествен дар - безусловен подарок од сенадминувачкиот Севишен.

Кога велам светлина, зборувам за просветлување. Тоа просветлување најпрво ќе се случи во подрачјето на Божјата манифестирана душа. Потоа ќе се случи во срцето што тежнее, потоа во умот што трага, потоа во динамичниот витал и на крај во будното тело. Кога ќе можеш да го отвориш третото око - окото на внатрешната визија - по твоја слатка волја, не само што ќе можеш да видиш светлина, туку ќе можеш и да прераснеш во светлина, и да ја рашириш низ целиот свет.

Иако светлината е најпотребна духовна особина од сите, за жал, е најмалку барана. Многу често трагачите привикуваат радост, мир или моќ, но многу ретко тежнеат за светлина. Наместо да чувствуваат дека божествената светлина ќе ги просветли, тие погрешно се иден-

тификуваат со своите ограничувања и несовршености, и чувствуваат дека ќе бидат експонирани. Но божествената светлина нема да ги експонира. Напротив, светлината го прифаќа човештвото со сите свои несовршености и се обидува да го просветли човечкото незнаење, за да може човечкиот живот да се издигне во божествен живот.

Извадок од „Свет-уништувањето - никогаш, невозможно“
www.knigi.mk